Ceresit




# P 710

## Полиуретански (ПУ) двокомпонентен лепак

CERESIT
R710_TM_11_0816

### КАРАКТЕРИСТИКИ

- Многу висока отпорност на оптеретувања
- Отпорен на влага и временски услови
- Висока покривност
- За внатрешна и надворешна употреба

### ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

Двокомпонентно, полиуретанско лепило со ниска емисија за:
- лепење гумени плочки (на пр. Норамант)
- дизајнерски подови (LVT), ПВЦ и кварцни винилни плочки
- надворешно обложување
- бетон и глинести материјали
- полистирен, дрвени материјали и градежни табли на впивачка и невпивачка подлога во деловни и индустриски области со тешки товари.

За внатрешна и надворешна употреба.
Ceresit R 710 ги исполнува највисоките барања за квалитет на воздухот во затворен простор и компатибилност на животната средина.

### ПРИПРЕМА НА ПОДЛОГАТА

Подлогите мора да бидат во согласност со барањата на ATV DIN 18 365 "Подни обработки", BS CP 8203, 8204 или слични национални стандарди. Особено, тие мора да бидат чисти, без структурно оштетување, цврсти, суви и без супстанции што можат да ја оштетат адхезијата.
По механичката работа (брусење/усисување), припремете ја подлогата со основните премази на Ceresit и масите за израмнување така што ќе биде подготвена за поставување на подните облоги. За области со големи оптеретувања, користете само основни премази и нивелирачки маси за израмнување, кои се прогласени за погодни за оваа специјална употреба. Во надворешни и внатрешни простории на подподовите во директен контакт со земја секогаш користете Ceresit R 755 за запечатување на подподовите со капиларната влага.

## НАЧИН НА УПОТРЕБА

Лепилото се состои од две компоненти (смола и зацврстувач) кои се испорачуваат во посебни прегради во кантата. Користете остра алатка за дупчење неколку дупки низ пластичниот капак и на дното на горниот сад, кој изгледа како капак на кантата. Подигнете го горниот сад малку за да му овозможите на зацврстувачот целосно да се исцеди во кантата подолу. Потоа, внимателно измешајте ја смолата со зацврстувачот со помош на бушилица со додаток за мешање, се меша најмалку 2 минути.

Нанесете го лепилото рамномерно на подлогата со помош на соодветна назабена мистрија. Нанесете само онолку лепак колку што може да биде покриен со подни облоги за времето на обработка. Не е потребно време за отворено сушење.

Поставете ги подните облоги директно во основата на лепилото, внимавајќи да не дојде до воздушни џепови. Материјалот за покривање не смее да биде затегнат и мора да лежи рамно на површината, доколку е, притиснете го. Избегнете гужвање на спојниците. Внимателно испуштете ги поставените површини. Откако лепакот ќе почне да се зацврстува, повторно да се изваља лепената површина.

## НАПОМЕНА

- Најдобар можен квалитет на воздух во внатрешноста по изведената подна инсталација бара усогласување со стандардни услови за работа, како и потполно суви подлоги, прајмери и маси за израмнување.
- Подните инсталации се изведуваат само ако температурата на подот е над 15°C, температура на воздухот над 18°C и релативна влажност под 75%.
- Не ја гребете кофата.
- Заштитете ја поставената подна облога од сончева светлина додека лепакот не се стврдне.
- Веднаш после употреба алатот да се исчисти со индустриски алхохол. Времето на рок и времето на обработка може да се разликуваат од зависност со температурата.
- На повисока температура тие ќе бидат пократки, а на пониска температура подолги.

CERESIT
R710_TM_11_0816

## ВАЖНИ ИНФОРМАЦИИ

Луѓе кои се осетливи на дизоцијанит може да развијат алергиска реакција ако го користат овој производ. Луѓе со астма, екцем или кожни болести треба да избегнуваат контакт со овој производ. Носете заштитни ракавици и облека. Ризикот од средно или долгорочно ослободување на значителни концентрации на испарливи органски хемикалии (VOCs) во надворешниот воздух е занемарлив. Сепак, обезбедете добра вентилација за време и по нанесувањето и зацврстувањето. Избегнувајте јадење, пиење или пушење додека работите со овој производ.

Во случај на контакт со очите или кожата, исплакнете веднаш со многу вода. Во случај на контакт со очите, побарајте медицински совет.

Се чува вон дофат на деца.

**За професионални корисници.**

| | |
|---|---|
| GISCODE RU 1 | без разредувачи во склад со TRGS 610 |
| EMICODE EC 1PLUSR | многу ниска емисија во складот со GEV |

## ТЕХНИЧКИ ИНФОРМАЦИИ

Придржувајте се на упатствата од следниве информативни листови:

1. Информативните листови кој ги издава Technische Kommission Bauklebstoffe (www.klebstoffe.com, види под “Публикации”)
2. Упатства за инсталација и чистење и нега на производите .
3. Општи прифатените правила за технологијата за вградување на подови, како и важечките национални стандарди.

## СОВЕТИ ЗА ОДЛАГАЊЕ ОТПАД

Не дозволувајте производот да влегува во канализација или водотеци. Не дозволувајте да влезете во земја/тло. Рециклирајте само целосно празна амбалажа. Фрлете ги остатоците од зацврстен производ како индустриски отпад сличен на отпадот од домаќинството или во контејнер за отпад од комерцијален/градежен отпад. Нестврднатите остатоци од производот фрлете ги како опасен отпад. Индекс на отпад компонента А 080410, компонента Б 080501.

## РОК НА ТРАЕЊЕ

До 12 месеци во нормални услови.

## ПАКУВАЊЕ

Канта од 10 кг.

## ТЕХНИЧКИ ПОДАТОЦИ

| | Компонента А | Компонента Б |
|---|---|---|
| Испорачано како: | сива паста | кафена течност |
| Размер на мешање А : Б: | 4.5 : 1 | |
| Време за употреба: | околку 25 минути | |
| Време за отворено сушење: | не постои | |
| Обработливост: | околу 45 минути | |
| Оптеретување: | после околу 8 часа | |
| Хемиска отпорност: | после 7 дена | |
| Погоден за тркала во согласност со DIN EN 12529, исто така е отпорен и на виљушкари | | |
| Отпорност на температурата по стврднувањето | –20°C до + 80°C, може да се користи на конструкции на подно греење | |
| За транспорт: | –20°C до +50°C, заштита од мрзнење | |
| За складирање: | +10°C до +30°C | |
| Рок на употреба: | 12 месеци, на ладно и суво | |

Горенаведените времиња се мерени во стандардни климатски услови (23°C / 50% релативна влажност). Имајте во предвид дека во други услови, зацврстувањето може да се забрза или успори.

CERESIT
R710_TM_11_0816

## ПОТРОШУВАЧКА

Потрошувачка на големина на глетарка: покриеност 4 кг/10 кг

Гумен под со мазна полирана површина (на пр. Норамент) големина на мистрија A5 околу 250 g/m² околу 16 м²/околу 40 м²

Облогите кај дизајнерските подови (LVT), PVC и кварцни винилни плочи со големина на мистрија A2 околу 300 г/м² приближно 13 м²/приближно 33 м²

Подови со груба и текстурална подлога со големина на
B1 мистрија околу 400 г/м² околу 10 м²/околу 26 м²
B2 мистрија околу 600 г/м² околу 6 м²/околу 17 м²

Покрај информациите дадени во овој технички лист, важно е да се придржувате до релевантните упатства и правила на различни организации и компании, како и применливите домашни стандарди. Овие карактеристики се засноваат на нашето професионално знаење и искуство. Соодветни својства и употреби што не се наведени во овој лист, бараат наша писмена потврда. Сите информации се дадени во однос на температурата на воздухот и материјалот од + 23°C и 50% релативна влажност, освен ако не е специфично одредено. Имајте во предвид дека во случај на различни климатски услови, стврднувањето може да се забрза или забави, и да самиот производ подлежи на локални услови како што се количина на вода и стврднување. Производ од друго место на производство може да се разликува.

Дадените информации, особено препораките за ракување со нашите производи и нивната примена, се засноваат на нашето стручно знаење и искуство. Бидејќи материјалите и условите може да се разликуваат во секоја наменета апликација и затоа немаме влијание врз нив, препорачуваме во секој случај да се направат соодветни тестови за да се провери соодветноста на нашите производи за наменетата примена и употреба. Ниту една правна одговорност не може да се прифати врз основ на содржината на овој технички лист или усните совети, освен ако не постојат докази за нашата намера или сериозна негрижа според Законот за одговорност за производот.